HALKINSURANCE

ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје
Ул. Мајка Тереза бр. 1, влез 2, Скопје
Тел. +389 (0) 2 3122 385, 02 155 66
www.halkinsurance.com.mk

**ДО**
**МАКЕДОНСКА БЕРЗА АД Скопје**
ул. Орце Николов бр.75
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Друштво за осигурување
ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД
Бр. 0302-0410
07.12.2023 год.
СКОПЈЕ

**ОД**
**Друштво за осигурување**
**ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје**
ул.Мајка Тереза бр.1 влез 2
1000 Скопје
Република Северна Македонија

***Предмет***:Известување за нова емисија на хартии од вредност

Почитувани,

Согласно обврската за известување на јавноста, определена во членот 166-б од Законот за хартиите од вредност, со овој допис, навремено во определениот рок за доставување на известување, Ве известуваме деке е реализирана нова емисија на хартии од вредност на Издавачот - Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје (во понатамошниот текст "***Друштвото***").

Согласно наведеното, Друштвото врз основа на донесена Одлука за зголемување на основната главнина на Друштвото, број 0201-03/04 од 02.10.2023 година и издадено Решение за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда од Комисијата за хартии од вредност, УП1 10-131 од 16.10.2023 година, изврши деветта (9-та) емисија на хартии од вредност и издаде 300.000 (тристотини илјади) нови обични акции во вкупна вредност од 3.000.000,00 (три милиони) евра, со номинална вредност за 1 (една) акција во износ од 10,00 (десет) евра.

Акциите од деветта (9-та) емисија ги стекна, запиша и уплати, единствениот акционер на Издавачот – ХАЛК БАНКА А.Д. Скопје, со седиште на ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, со ЕМБС 4627148.

Зголемувањето на основната главнина е регистрирано во трговскиот регистар кој се води при Централниот регистар на РСМ на ден 28.11.2023 година, додека новата емисија на хартии од вредност е регистрирана во депозитарот на хартии од вредност на ден 04.12.2023 година.

По спроведената постапка пред недлежните институции, основната главнина на Друштвото изнесува вкупно 22.500.000,00 евра, составена од 2.250.000 обични акции, со номинална вредност за 1 (една) акција во износ од 10,00 (десет) евра, регистрирани на сметката на единствениот акционер ХАЛК БАНКА А.Д. Скопје

Со почит,

Скопје, 07.12.2023 година

**ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје**

Друштво за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ Скопје

Ило Ристовски Генерален директор